АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 28-02-2023

| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 920 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 27 февруари 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 февруари 2023 година;

5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 10.01.2023 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-10 од 10.01.2023 година) на Непрофитната радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението (11.01.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз радиопрограмскиот сервис на УНИВЕРЗИТЕТСКОТО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје, емитуван на 27 февруари 2023 година, на регионално ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда на Законот за медиуми.

8. Опис на прекршувањето: /

9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*